За потребите на проектот „Следење на принципите на јавна администрација во зачувување на вредностите на добро управување“, Центарот за управување со промени - ЦУП испраќа:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 0804-03/2017**
**за набавка на услуги – ангажирање на експерти за усогласување на СИГМА принципите на јавна администрација и менторирање на граѓански организации**

1. Центарот за управување со промени - ЦУП во рамките на проектот „Следење на принципите на јавна администрација во зачувување на вредностите на добро управување“, има потреба од ангажирање на 2 експерти за усогласување на СИГМА принципите на јавна администрација и менторирање на граѓански организации.
Подетален опис на бараните услугите се наоѓа во описот на надлежности (ToR) - прилог на овој повик.

2. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
Потребно е да се испорачаат услугите во период од мај 2017 година - септември 2018 година. *ЦУП го задржува правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на добавувачот во зависност од динамиката на реализација на проектните активности.*

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. На повикот може да се јават експерти – физички лица, како и правни лица – консултантски куќи.

4. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

За експерт – физичко лице:

- Кратка биографија (CV)
- Листа со референци за активности поврзани со барањето на овој повик

За правно лице – консултантска куќа:

- ДРД образец
- Профил на правното лице
- Листа со референци за активности поврзани со барањето на овој повик
- Кратка биографија (CV) на предложените (2) експерти

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Ставка | Опис на активност/услуга | Количина (денови) | Единечна бруто цена | Вкупна бруто цена |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

Доколку понудата е доставена од правно лице, истата треба да биде изразена без ДДВ бидејќи проектот е ослободен од плаќање на ДДВ.

4. Изборот на добавувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.

5. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности во следната динамика:

- Прва рата – по завршување на активностите за прилагодување на СИГМА принципите на јавна администрација на локално ниво и развивање на мониторинг индикатори за воспоставените СИГМА принципи на јавна администрација на локално ниво;
- Втора рата – по спроведеното менторирање на локални ГО за следење и евалуација во согласност со стандардите за добро управување;
- Трета рата – по организанираните регионални јавни дебати и усвојувањето на финалниот извештај од страна на проектниот тим.

6. Набавката е делива.

7. Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува по е-пошта на следната адреса: info@cup.org.mk, или хартиено во архивата на Центарот за управување со промени, на адреса ул. Рајко Жинзифов бр.44/1 Скопје.

Краен рок на доставување на понудите е до **02.05.2017 година до 16:00 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-пошта на ЦУП, info@cup.org.mk, најдоцна до 28.04.2017 година.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.